РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 09-5604/6
23.11 2026 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

www.krivapalanka.gov.mk

Врз основа на член 17 став (2) од Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020) и член 43 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 09/2026), Иницијативниот одбор во соработка со Општина Крива Паланка распишува:

## ЈАВЕН ПОВИК

### ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

**1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**

Иницијативниот одбор при Општина Крива Паланка распишува Јавен повик за членство во Локално собрание на млади на Општина Крива Паланка.

**2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Повикот е отворен за сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на Општина Крива Паланка.

Делегатот/ката и заменик – делегатката кои имаат желба и интерес да се вклучат во Локално собрание на млади потребно е:

- Да се жители на Општина Крива Паланка;
- Да бидат на возраст од 15-29 години;

**3. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Аплицирањето по однос на Јавниот повик се врши електронски на следната емаил адреса: ***ler@krivapalanka.gov.mk*** или во печатена форма во архивата на Општина Крива Паланка (ул.„Св.Јоаким Осоговски“ бр.175) со ознака “*Апликација за членство во Локалното собрание на млади на Советот на млади на Општина Крива Паланка*“.

Апликантите во прилог на апликацијата задолжително треба да ги достават следните документи:

- Портфолио за работа на организацијата/групата/здружението
- Извештај за работатата од претходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за или од млади во Општина Крива Паланка
- Писмени предлози за номинација на **делегат и заменик – делегат** поднесени од младинска организација на формулар даден во прилог на јавниот повик;

Нема да бидат разгледувани пријавите доставени по истекот на рокот на Јавниот повик. Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

Јавниот повик трае 7 (седум) дена од денот на објавувањето, односно од 24.11.2026 до 30.11.2026 година.

Поднесените апликации ќе ги разгледа Иницијативниот одбор и ќе ја утврди валидноста и прифатливоста на поднесената документација.

Резултатите од Јавниот повик ќе бидат објавени на веб страната на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk).

**4. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

Дополнителни информации во врска со Јавниот повик може да се добијат на тел.071/829-825

**ЧЛЕНОВИ НА ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР**,
Антонио Крстевски –РЦС Спектар Крива Паланка
Мимоза Петровска – ГЦОР ЕГРИ Крива Паланка
Филип Додевски – КУЗ Распеани Паланчани – Крива Паланка

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**МИЛЕ ТРАЈКОВСКИ**